Бр./Nr 12-1133/2
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1133/1 од 14.03.2024 година, со наводи за злоупотреба на службено возило од страна на претседателот на Советот на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1133/1 од 14.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 14.03.2024 година, поднесена е пријава со наводи за злоупотреба на службено возило од страна на претседателот на Советот на Општина ///, и оформен е предмет број 12-1133/1 од 14.03.2024 година. Во пријавата подносителот наведува дека службеното лице ///, во моментот на поднесувањето на пријавата – претседател на Советот на Општина ///, постапил спротивно на членот 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и на ставот 5 од членот 2 од Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.214/21), така што службеното возило марка /// со регистарски таблички ///, сопственост на Општина ///, го користел вон работното време, во вечерните часови на ден /// година (///) и за време на викендот, при што возилото го паркирал пред неговиот

дом на ул. /// бр.///. Кон пријавата подносителот доставил прилог-фотографии од посоченото возило.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека иако дејствијата на кои се однесуваат наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот се случиле во изборен процес, содржината на фотографиите од возилото посочено во пријавата кои подносителот ги доставил во прилог на истата не е доволен аргумент за потврдување на сторени незаконитости при располагањето со возилото во изборен процес. Истовремено, ДКСК нема расположливи механизми за проверка на пријавените наводи, ниту постои начин за потврдување на автентичноста на фотографиите.

Следствено, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk